# Процедура за преносливост на број

За да се пренесе еден телефонски број т.е нумерација од еден Оператор на друг потребно е Корисникот да ги исполнува следните услови:

- **Активна телефонска линија (од друг оператор)**
- **Подмирен долг (кон тој оператор)**
- **Корисник на интернет (да има активен интернет од кабелската телевизија)**

До соодветниот **Оператор - Примател** на бројот се доставува:

- **"Барање склучување на претплатнички договор со пренесување на број"** (кое е прикачено подоле во документов и кое треба да биде потпишано и пополнето од носителот на тел. број),
- **"Потврда за подмирен долг"** (се издава од **Операторот - Давател на бројот**),
- **"Последна платена сметка"-** која се однесува на својот постоечки телефонски број односно за броот кој сака да го пренесе кај друг оператор (издадена од операторот давател на услугата),

По доставување на комплетната документација до **Операторот - Примател**, тој е должен за ја започне процедурата **во рок од 2 раб. дена.**
Процедурата кај **Операторот – Примател** е следна:

1. Се испитува техничка можност
2. Се внесуваат податоците на претплатникот на линкот во МТ или на линкот на друг оператор.
3. Се добива одговор од МТ или др. Оператор во рок од **3 раб. дена.**
4. Ако одговорот е позитивен се известува претплатникот, потпишува договор и продолжува процедурата.
5. Во случај доколку барањето е одбиено се известува претплатникот дека е одбиен и од кои причини. **Како причини за одбивање на барање за пренесување на број се следните случаеви:**

◊ Барање што не постои
◊ Барање поднесено од неовластено лице
◊ Барањето не е комплетно
◊ Бараниот број е веќе во постапка за преносливост на број
◊ Претплатничкиот број е времено или трајно исклучен
◊ Постојат неисполнети договорни обврски на претплатникот кон операторот.

По потпишување на договорот и обезбедување на сите потребни пропратни документи, се внесува во билинг системот. Потребна документација за склучување на претплатнички договор за телефонија е следната:
- **за Физичко лице** потребно е: лична карта на увид, копија од лична карта, копија од М1 и М2 образец за работен однос и последна платена сметка - комунална такса, вода, кабелска, струја итн).

**-за Правно лице** потребно е: копии од Тековна состојба од Централен регистар на РМ (не постара од 6 месеци), картон за овластени потписници од банка и ЗПП образец.

6. Се инсталира во рок од **7 раб.дена.**

## Барање за склучување на претплатнички договор со пренесување на број

Јас,долупотпишаниот____________________________________________________[12]
БАРАМ И СЕ СОГЛАСУВАМ претплатничкиот договор склучен со __________________________________ (оператор на јавна електронска комуникациска мрежа) за обезбедување на јавни телефонски услуги, за претплатничката линија/линиии со повикувачки број/броеви _________________________________________ да биде раскинат поради моето барање за пренесување на број/ броеви.

ИЗЈАВУВАМ дека ќе ги исполнам сите обврски кои произлегуваат од истиот договор, заедно со обврските кои произлегуваат од самото раскинување.

СЕ СОГЛАСУВАМ раскинувањето на претплатничкиот договор за претплатничката линија/линии наведен во претходниот став да стапи на сила со моментот на фактичкото пренесување на бројот/броевите за кој/кои се бара пренесувањето од операторот на јавна комуникациска мрежа ______________________________ (операторот давател) до операторот на јавна комуникациска мрежа ____________________________________(операторот прималет).

Во случај пренесувањето на бројот/броевите наведен/и во став 1 од ова барање да не стапи на сила, тогаш и моето барање за раскинување на претплатничкиот договор нема да стапи на сила.

ИЗЈАВУВАМ дека сакам да го искористам моето право на преносливост на број согласно член 84 од Законот за електронските комуникации („Сл. Весник на РМ, бр. 13/2005”) и ИЗЈАВУВАМ дека го избирам ______________________________________ (оператор на јавна комуникациска мрежа) за обезбедување на јавни телефонски услуги со кој склучувам претплатнички договор со задржување на мојот/моите повикувачки број/броеви наведени во став 1 од ова барање.

СЕ СОГЛАСУВАМ претплатничкиот договор склучен со операторот на јавна комуникациска мрежа ___________________________________(операторот давател) да биде раскинат за претплатничката линија/линии со повикувачки број/броеви за кои барам да бидат пренесени. Воедни го ОВЛАСТУВАМ операторот на јавна комуникациска мрежа_____________ (операторот прималет) во мое име и за моја сметка да го проследи ова мое барање за раскинување на претплатничкиот договор со операторот давател, како и да настапува пред операторот давател, како и да настапува пред операторот давател во текот на процедурата за пренесување на бројот/броевите.

ИЗЈАВУВАМ дека немам неподмирен долг кон операторот на јавна комуникациска мрежа__________________________________________(операторот давател) и дека во овој момент против мене не е покрената постапка за присилно извршување во согласност со закон.
СЕ СОГЛАСУВАМ дека операторот на јавна комуникациска мрежа (операторот давател) ______________________________________ може да му ги пренесува моите податоци на операторот на јавна комуникациска мрежа ____________________________ (операторот прималет) за процедурата за пренесување на бројот/броевите.

**Претплатник**

**Име и презиме [1]/Назив [2]:**

______________________________________________________________________

**Татково име [1]/Судски регистарски број [2]:**

______________________________________________________________________

**ЕМБГ[1] / ЕДБ[2]:**

______________________________________________________________________

**Адреса[1] / Адреса на седиштето[2]:**

______________________________________________________________________

Повикувачки број / броеви кои ќе се пренесува:

______________________________________

______________________________________

_________________________ _____________________________

(место и датум) (потпис и печат)

**[1] за физички лица**
**[2] за правни лица**